КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НИСКОГРАДБА
БИТОЛА

кјп НИСКОГРАДБА

Бр. 01-453/1

19.04. 2024 год.

Битола

До

Совет на Општина Битола и Општина Битола
-Градоначалник, Д-р Тони Коњановски

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА КЈП"НИСКОГРАДБА"- БИТОЛА ЗА ПЕРИОД ОД

01-01-2024 ДО 31-03-2024 г.

Битола, 15.04.2024 год.

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

ТАБЕЛА НА ПРИХОДИ

Конто	ПРИХОДИ	Остварени приходи 2023 (3)	Остварени приходи 1 и 2 м. и планирани за 3месец 2024 (4)	Индекс 4 : 3
7400	Приходи од услуги општа даночна стапка	2,168,643.00	1,854,377.00	0.86
74004	Приходи од продажба на добра по член 32 а	1,045,000.00	0.00	0.00
7401	Приходи од услуги повластена даночна стапка	5,806,225.00	6,616,274.00	1.14
7402	Приходи од канализација	16,336,190.00	15,925,746.00	0.97
745	Приходи од употреба на сопствени производи	34,728.00	251,187.00	7.23
767	Приходи од субвенции	450,000.00	0.00	0.00
769	Останати приходи од работењето	119,600.00	39,655.00	0.33
7741	Приходи од камати	141,073.00	229,757.00	1.63
7799	Останати финансиски приходи	7,118.00	6,696.00	0.94
	Вкупно	**26,108,577.00**	**24,923,692.00**	**0.95**

Анализирајќи ја горенаведената табела на вкупни приходи за првиот квартал од оваа година споредено со истиот период од 2023 година, може да се забележи дека остварените приходи во 2024 година намалени се за 5% или изразено во бројки за 1,18 милиони денари.

Кај приходите од услуги (градежни работи) по општа даночна стапка од 18% се забележува намалување од 14%, во тековната 2024 година имаме намалување на овој вид на приходи заради покасно започнување на градежната сезона.

Приходите на конто 74004 во 2023 година остварени се од продажба на старо железо, ваков вид на приходи во тековната 2024 година не постојат.

Во приходи од услуги со 5% ДДВ спаѓаат приходите од зимско одржување на улици, чистење на коритото на река Драгор и други канали и водотеци и приходи од чистење на канализација., овие приходи се зголемени за 14% споредбено со првиот квартал од минатата година.

До 31 март оваа година приходите од надоместок за канализација се намалени за 3% споредено со истите од 2023 година, односно изразени во вредност, помали се за 410.444,00 денари. Овие приходи можат да варираат во зависност од потрошувачката на вода, а се фактурира на потрошени м3 вода по мерни состојби добиени од ЈП Водовод како и од ЈП Стрежево за технолошката вода.

Приходите од употреба на сопствени производи во првото тримесечие се остварени во износ од 251,187.00 денари и иститете се зголемени за 216,459.00 денари заради превземени работни активности на канализационата мрежа.

Приходите од камати во првиот квартал од 2024 година се зголемени за 88,684.00 денари споредено со истиот период од минатата година и истите се однесуваат за изготвени каматни листи за правни лица, отужени корисници на канализациона мрежа кои обврските ги плаќаат согласно постигната спогодба на рати.

Другите приходи се во рамките на редовното работење.

ТАБЕЛА НА ТРОШОЦИ

Конто	Вид на расход	Остварени расходи 2023 (2)	Остварени расходи за 1и2 м. и планирани за 3 месец 2024 (3)	Индекс 3 : 2
400/401	Потрошени суровини и материјали	1,380,576.00	750,000.00	0.54
402	Потрошена енергија	1,113,537.00	896,452.00	0.81
408	Отпис на ситен инвентар	40,520.00	41,250.00	1.02
410	Поштенски, телефонски GPS и интернет услуги	176,300.00	192,608.00	1.09
4136	Услуги за одржување на опремата	367,494.00	451,875.00	1.23
41390	Услуги за обезбедување на имотот	184,486.00	217,161.00	1.18
414	Закупнина	20,000.00	30,000.00	1.50
415	Комунални услуги	60,853.00	41,133.00	0.68
4198	Производни услуги	2,352,752.00	1,273,302.00	0.54

41989	Услуги за читање на водомери	309,000.00	309,000.00	1.00
41991	Услуги од агенции за вработување	1,627,943.00	420,547.00	0.26
421	Бруто плати	16,212,846.00	20,260,766.00	1.25
422	Останати трошоци на вработените,јубилејни награди, регрес, отпремнина и помошти	45,511.00	371,245.00	8.16
430	Амортизација	3,000,000.00	3,000,000.00	1.00
440	Дневници за службен пат	89,815.00	67,717.00	0.75
441	Надомести на трошоци на вработените и подароци	65,221.00	967,972.00	14.84
442	Трошоци за Управен и Надзорен О.	243,350.00	225,570.00	0.93
444 443	Реклами, репрезентација и спонзорство	762,498.00	531,710.00	0.70
445	Премии за осигурување	110,189.00	891,533.00	8.09
446	Банкарски услуги и платен промет	174,314.00	168,736.00	0.97
447	Даноци кои не зависат од резултат админ., судски и др. давачки	55,449.00	78,451.00	1.41
449	Останати трошоци од работењето	608,303.00	336,252.00	0.55
466	Отпис на побарувања	114,984.00	2,801.00	0.02
468	Надомести на штети од дејноста	143,821.00	428,577.00	2.98
469	Дополнително утврдени расходи од минати години	455,886.00	70,704.00	0.16
474	Камати од работењето со неповрзани друштва	117,476.00	125,589.00	1.07
	ВКУПНО :	29,833,124.00	32,150,951.00	1.08

Анализирајќи ја табелата на трошоци во првото тримесечје од 2024 година во споредба со 2023 година се зголемени за 8% или за 2,317,951.00 денари.

- Потрошените суровини и материјали намалени се за 46 % споредено со овој вид на трошоци направени во 2023 година.

- Трошоците за енергија намалени се за 19 % споредено со истите во 2023 година и истите зависат од видот на работата и цената на енергенсите.

- Трошокот за отпис на ситен инвентар е зголемен за 2% во споредба со 2023 година и истиот зависи од вредноста на набавената ХТЗ опрема.

- Трошоците за поштенски, телефонски, интернет и GPS услуги се зголемени за 9% во споредба со истите во 2023 година.

- Трошоците за тековно одржување на возилата и опремата покажуваат зголемување за 23% во споредба со истите во 2023 година,

- Трошоците за обезбедување на имотот на Нискоградба се зголемени за 18%. Во ова тромесечие фактурирани се и трошоци за патролно обезбедување на ново отворениот наплатен центар во Нов пазар.

- Трошоците за закупнина изнесуваат 30.000,00 илјади денари и истите се однесуваат за просторот каде се сместени наплатните центри.

- Трошоците за комунални услуги покажуваат намалување од 32%.

- Производните услуги за овој квартал од 2024 година покажуваат намалување од 46% и истото е резултат на намалувањето на трошоците за подизведувачи за Зимска служба.

- Трошоците за читање на водомерите од ЈП Водовод и ЈП Стрежево секоја година се исти (12 месеци по 93.000,00 илјади денари за состојбите од ЈП Водовод и 10.000,00 илјади денари за состојбите од ЈП Стрежево),

- Трошоците за извршени услуги од агенции за вработување намалени се за 74%. Новите ангажирани лица преку Агенција за привремени вработувања се вработени на неопределено работно време во претпријатието.

- Кај бруто платите во споредба со 2023 година постои зголемување за 25%,

- Амортизацијата не е пресметана и истата за првите три месеци би изнесувала околу 3.000.000 милиони денари,

- Останати трошоци за вработените се зголемени за 325.734,00 ден. споредено со истиот период во 2023 година. Во овие трошоци влегуваат исплатени регреси, помошти, отпремнини и јубилејни награди и истите не зависат од залагањето на вработените.

- Трошоците за службени патувања се намалени за 25% или за 22,098.00 денари.

- Во другите надоместоци на вработените влегуваат трошоците за образование и усовршување на вработените и еднократен новогодишен надомест од 7.000,00 денари кој беше исплатен на секој вработен во месец јануари 2024 година. Вкупните трошоци на ова контто 441 за првиот квартал од 2024 година изнесуваат 967,972.00 денари.

- трошоците за УО и НО се намалени за 7% споредено со 2023 година.

- трошоците за реклами, репрезентација и спонзорство се намалени за 30 %. Во овие трошоци влегуваат и средствата што им се префрлаат на синдикатите за нивното тековно работење.

- премиите за осигурување на имот се зголемени од причини што Осигурителните компании потикнати од економската криза понудија многу повисоки премии од вообичаените.

- трошоците за даноци, административни, судски и други давачки се зголемени за 41 % и истите на зависат од залагањето на вработените.

- останатите трошоци од работењето намалени се за 272,051.00 денари или за 45% споредено со истиот период во 2023 година, во овие трошоци влегува издатокот за адвокатски, компјутерски и други услуги.

- вредносно усогласување на побарувањата на конто 466 значи извршени отписи на ненаплатливи застарени побарувања од физички и правни лица. Во 2024 година истите се намалени за 98 % во споредба со истиот период во 2023 година.

- надомести на штети од дејноста во 2024 се зголемени за 284,756.00 денари.

- дополнително утврдени расходи од минати години книжени на конто 469 се трошоци кои не зависат од работењето, односно истите се јавуваат како резултат на сторнирањето на сметки кое се врши врз основа на извештај испратен еднаш месечно од ЈП Водовод,

- трошоците за камати се однесуваат за камати за набавени возила на лизинг. Оваа година за првото тримесечје по овој основ исплатени се 125,589.00 денари и истите се зголемени за 7% споредено со 2023 година.

Напомена : Извештајот е изработен врз база на евидентираните трошоци и приходи во сметководствената евиденција за први и втори месец и планираните трошоци и приходи за трети месец.

Финансиски резултат

Од 01.01.2023 до 31.03.2023 година		**Од 01.01.2024 до 31.03.2024 год.**	
Вкупни приходи ----------	**25.746.206,00**	**Вкупни приходи -------**	**24.923.692,00**
Вкупни расходи----------	**28.238.900,00**	**Вкупни расходи ---------**	**32.150.951,00**
Финансиски резултат	**- 2.492.413,00 ден.**		**-7.227.259,00 ден.**

Од погореизнесеното се гледа дека во првото тримесечје од 2024 година КЈП Нискоградба Битола покажува негативен финансиски резултат од **7.227.259,00 денари.**

ПРЕГЛЕД НА ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊА НА 31.03.2024 ГОДИНА

	31.03.2023	31.03.2024
- Неплатени обврски кон добавувачи ----	**9.134.626,00**	**8.197.904,00**
- Долгорочни обврски по кредити ----------	**5.601.634,00**	**4.360.175,00**
Вкупно обврски	**14.736.260,00 ден**	**12.558.079,00ден.**

Вкупните обврски кон добавувачите кои имаа рок на доспеаност - 31.03.2024 година се во целост исплатени.

Вкупно ненаплатени побарува	**31.03.2023**	**31.03.2024**
- Побарувања од услуги	23.977.580,00	12.772.479,00
- Побарувања за канализација од домаќинства	29.148.453,00	30.995.824,00
- Побарувања за канализација од правни лица	17.424.832,00	17.667.617,00
Вкупно побарувања	**70.550.865,00 ден**	**61.435.921,00ден**

Од прегледот се гледа дека за првото тримесечие од оваа година постои намалување на обврските кон добавувачи за 11% споредено со истиот период во минатата година и намалување на обврските за кредити по основ на лизинг за 33%.

Побарувањата од купувачи покажуваат намалување за 13 % по сите основи.

Заклучок

Првото тримесечје од 2024 година КЈП Нискоградба Битола го заврши со загуба од 7.227.259,00 денари и истата во голем дел се должи како резултат на зголемување на платите на вработените за повеќе од 4,000,000.00 ден. споредено со истиот перод од минатата година, додека цените за канализациони услуги кон граѓаните и правните лица останаа непроменети заради не усвоените тарифи од страна на Советот на општина Битола а предложени од регулаторна комисија. И покрај големата ангажираност и намалување на трошоците за производни услуги, потрошени суровини и матријали и останати трошоци во работењето, финансискиот резултат за првиот квартал од тековната 2024 год. е со загуба.

Раководниот тим на КЈП Нискоградба Битола се ангажира во нареден период од тековната година, со почеток на градежната сезона да ги реализира своите планови кои ќе доведат до позитивно работење на претпријатието.

Изготвил:
Златанка Блажевска
Раководител на Сектор за финансисии, сметководство и комерција

Контролирал:
Наташа Стојановска
Помошник на директорот за финансиски и правни работи

Директор на КЈП Чистоградба – Битола
Зоран Тасевски

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА“
БР. 02-429/4
19.04 2024 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 17 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола и член 20 од Деловникот за работа на Управниот одбор на КЈП Нискоградба Битола,Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 19.04.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Извештајот
за работењето на КЈП Нискоградба Битола
за периодот од 01.01.2024 до 31.03.2024 година

1. Се усвојува Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2024 до 31.03.2024 година и констатира дека Извештајот ги содржи сите потребни податоци за да се добие генерална слика за работењето на претпријатието во наведениот период.

2. Истиот се доставува на понатамошно разгледување пред Советот на Општина Битола.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Програмата за работа на Советот на Општина Битола, Управниот одбор на претпријатието на својата редовна седница го разгледа Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2024 до 31.03.2024 година. Имајќи го во предвид Мислењето и предлогот по Извештајот на Одборот за контрола на материјално финансиското работење,одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ДА СЕ ДОСТАВИ: -архива
-материјали за Управен одбор
-Сектор за финансии,сметководство и комерција
-Совет на Општина Битола
-Градоначалник на Општина Битола

Бр.02-429/4
19.04.2024 година
Битола

Управен одбор
Зам. Претседател
Вера Бешлиевска

КЈП „НИСКОГРАДБА“ БИТОЛА

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА"
Бр. 02-428/4
19.04 2024 год.
БИТОЛА

До

Управниот одбор на
КЈП Нискоградба Битола

ПРЕДМЕТ: Мислење на Одборот за контрола на
Материјално финансиското работење-
За Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола
за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 година

Во согласност со член 27 став 3 од ЗЈП и член 7,8 од деловникот за работа на Одборот за контрола на Материјално финансиското работење при КЈП Нискоградба - Битола, Одборот за контрола на својата седница одржана на 19.03.2024 година го разгледа Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 година и констатира дека Извештајот ги содржи сите потребни податоци за да се добие генерална слика за работењето на претпријатието во наведениот период.
Извештајот се проследува до Управниот одбор за понатамошно разгледување и соодветно постапување.

Споредени прикажаните приходи и расходи во наведениот период констатирана е загуба од 7.227.259,00 денари.

Битно е да се потенцира дека во првиот квартал од 2024 година кај приходите нема многу големо отстапување и истите се намалени за 1,2 милиони во споредба со претходната година , а додека пак расходите растат со побрзо темпо посебно трошоците за бруто плати зголемени се за 4 милини денари што најмногу допринесе да се оствари горенаведената загуба.

Во вториот квартал, со започнувањето на градежната сезона ќе се пристапи кон реализација на постигнатите договори за работа со што ќе се надмине постоечката состојба.

Комунално јавно претпријатие НИСКОГРАДБА Битола

19.04.2024 година

Одбор за контрола на материјално финансиското работење

1. Александар Петровски
2. Благој Ристевски
3. Јасмина Ристановска
4. Мартина Мишевски
5. Георгина Ружин

Комунално јавно претпријатие НИСКОГРАДБА Битола